Здружение на математичари Охрид, Охрид
NLB Тутунска банка ж.с. 210-0671342401-70
078 49 60 45 – Борис Лушески

Врз основа на член 18 од Законот за здруженија на граѓани и фондациите(Службен весник на РМ, бр.31 од 02. 07. 1998 година), основачкото собрание на Здружението на математичари Охрид, на ден 16. 01 2017 година, донесе

**ПРОГРАМА ЗА РАБОТА НА**
**Здружението на математичари Охрид,**
**за 2017**

## 1. ПРИЧИНИ

Овој документ има за цел да ги пресентира програмските определби и насоченоста на Здружението на математичари Охрид.

Програмата ги прикажува виаијата на Здружението на математичари Охрид, неговата мисија и цели, активностите, инструментите и методите со кои тие цели ќе бидат остварени, финансирањето, наградувањето, целните групи, улогата на членовите и нивниот однос со граѓаните и засегнатите страни.

Здружението е цврсто решено да даде активен придонес во развојот на математиката следејќи ги најдобрите искуства од другите земји, како и развој на логичките когнитивни способности кај најмладите преку практикување на шахот како спортска дисциплина.

Отаму, свесни дека е неопходна мобилизација на сите човечки и материјални ресурси за спроведување на натпреварите по математика на општинско и регионално ниво како невладина, непрофитна и непартиска организација, ја донесе својата Програма за работа.

## 2. ВИЗИЈА НА ЗДРУЖЕНИЕТО

Потикнување на љубов кон математиката и шахот како игра на мудреците кај учениците уште во најрана возраст, развој на критичкото и логичкото размислување, потикнување на трпеливост и истрајност.

## 3. МИСИЈА И ЦЕЛИ НА ЗДРУЖЕНИЕТО

Мисија на Здружението на математичари Охрид, како членка на СММ ( Сојуз на математичари на Македонија) е да се откријат и правиолно да ги насочат талентираните ученици од основното и средното образование.

Цел зголемување на севкупните вештини од математиката, како и развој на логичките способности преку изучување на вештините на шахот.

## 4. АКТИВНОСТИ НА ЗДРУЖЕНИЕТО

Својата мисија Здружението на математичари Охрид ќе се стреми да ја оствари преку следните активности:

Организирање на семинари за наставниците
Организирање на часови по шах во рамки на Шаховската Школа Ласкер Охрид
Организирање и спроведување на училишен, општински и регионален натпревар по математика
Учество на Републичките натпревари по математика и Математичките олимпијадите во организација на СММ
Учество на отворените турнири во шах во организација на Шаховската федерација на Македонија
Учество на Екипното државно првенство во шах за јуниори и младинци.
Организирање на турнир во шах Младински турнир “Ласкер 2017”.

Учество на Државниот натпревар во шах за ученици од основното и средното образование
Помагање при реализирање на Спортскиот училишен камп во шах 2017
Организирање на летна школа во шах во Трпејца;
Учество на турнири во шах во Република Македонија и надвор од Република Македонија
Континуирано следење и афирмирање на учениците од општините Охрид и Дебрца.
Промовирање, учество и придонес во реформите во сите сфери на образовниот систем на Република Македонија;
Давање на стручна помош во полето на дјствување;
Поттикнување и зајакнување на соработката со домашни и странски организации и институции кои имаат исти или слични цели и задачи.

## 5. СРЕДСТВА И МЕТОДИ ЗА СПРОВЕДУВАЊЕ НА АКТИВНОСТИТЕ

Своите активности Здружението на математичари Охрид, ќе ги оствари преку следните средства и методи, воедно подржувајќи ја и инсистирајќи на тимска работа меѓу членовите:

- континуирано следење, анлиза и коментари на наставните планови и програми;
- организирање и учество на настани, презентации, семинари, обуки, дебати и трибини;
- организирање на турнири во шах од локален , регионален и меѓународен карактер во соработка со шаховски школи од Република Македонија и странство
- издавање на печатени и електронски публикации, континуирано одржување на двата веб сајта на ЗМО;
- реализација на видео публикации;
- соработка и имплементација на заеднички проекти со домашни и странски институции и организации;
- други слични форми и начини на дејствување.

При остварување на своите активности Здружението на математичари Охрид, ќе се стреми кон транспарентност во работата, која ќе ја обезбеди преку:

- одржување на веб страната на ЗМО;
- контакти со медиуми;
- издавање на брошури и други форми на информирање на јавноста, целните групи и засегнатите страни.

Во своето дејствување, Здружението на математичари Охрид, особено ќе тежнее да воспостави критериуми за вреднување и наградување на успесите на учениците и менторите, градење на цврсти односи на доверба и соработка, како и взаемна размена на искуства и практики со останатите институции и здруженија.

## 6. ФИНАНСИРАЊЕ

Финасирањето на активностите ќе биде

- годишна членарина
- плаќање на аконтација за учетво на општинскиот и регионалниот натпревар
- од донации,
- спонзорства,

Членовите на комисијата која врши прегледување на тестовите добива потврди учество во комисија,
Учениците на Државниот натпревар и Математичките олимпијади се испраќаат организирано.

7. **Наградување**

- Ученици (Основно и средно образование - математика)
  Прва награда на Републички натпревар ......... 6 000.00 ден.
  Втора награда на Републички натпревар ......... 4 000.00 ден.
  Трета награда на Републички натпревар ......... 2 000.00 ден.
- Ментори (Основно и средно образование - математика)
  Прва награда на Републички натпревар ......... 3 000.00 ден..
  Втора награда на Републички натпревар ......... 2 000.00 ден.
  Трета награда на Републички натпревар ......... 1 000.00 ден.
  Сите ментори учесници на Општинскиот и Регионалниот натпревар по математика добиваат потврди за учество од организаторот.
  Напомена: Наградувањето ќе се реализира доколку се изнајдат финансиски средства за таа намена со претходна согласност на Управниот одбор на ЗМО

8. **ЦЕЛНИ ГРУПИ**

Во својата работа, Здружението на математичари Охрид, ќе се фокусира кон подршка на наставниците и професорите во основните и средните училишта од општините Охрид и Дебрца, учениците и нивните родители, спроведувајќи активности со кои ќе се откријат талентите кај учениците и притоа истите правилно да се насочат, негуваат и усовршуваат.

9. **УЛОГА НА ЧЛЕНОВИТЕ НА ЗДРУЖЕНИЕТО**

Здружението на математичари Охрид ќе се грижи за јакнење на капацитетите на своите членови и целните групи преку нивна едукација, обезбедување на програми за обука, обезбедување на финансиски средстава за реализација на зацртаните активности..

Претседател на
Здружението на математичари Охрид,

*Охрид, јанузри 2017*

________________________________
Борис Лушески